Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), и Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на општина Гевгелија, бр.01-2216/15, 01-730/18, 01-1576/18, 01-187/19, 01-485/20, 01-1013/20, 01-1622/20, 01-250/21, 01-856/21, 01-1977/21, 01-2383/22, 01-2493/22, 01-819/23 и 01-1254/23 година, Градоначалникот на општина Гевгелија на ден 9.10.2023 година донесе,

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за административен службеник во Општина Гевгелија, по јавен оглас 326/2023

1. За извршител на работното место Раководител на одделение за комунални работи и локални патишта **, со шифра УПР 01 01 Б04 000, по јавен оглас 326/2023, СЕ ИЗБИРА кандидатот Здравко Николов.**
2. Решение за вработување на избраниот кандидат, ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука;
3. Оваа Одлука ќе се објави на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација и ќе се достави до избраниот кандидат;

***О б р а з л о ж е н и е***

На ден 30.8.2023 година, на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха, за потребите на Општина Гевгелија објавен е јавен оглас 326/2023 за пополнување на слободно работно места во општинската администрација на општина Гевгелија.

Со Решение број 10-1565/4 од 13.9.2023 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, се спроведе постапка за вработување, утврдена со Записник бр.10-1565/5 од 14.9.2023 година за извршена административна селекција, Записник бр.10-1565/6 од 29.9.2023 година за спроведен испит за административен службеник и Записник бр.10-1565/7 од 3.10.2023 година за веродостојност на доказите и спроведено интервју.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа на кандидати и достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 326/2023, бр.10-1565/8 од 3.10.2023 година до Градоначалникот на општина Гевгелија. За работното место **Раководител на одделение за комунални работи и локални патишта, го предложи Здравко Николов (ид. код 4938CAD), Македонец, со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 63,81.**

Согласно член 45 од Законот за административни службеници, Градоначалникот на општина Гевгелија по разгледување на приложената конечна ранг-листа и доставениот предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за адинистрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и на огласнта табла на Агенцијата за администрација.

Бр.04-1609/1
9.10.2023 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до: кандидатот, АА, ОУЧР и архива.